# (ФОТО) Столе ќе пее на „Бубамара“

21/02/2018




Во пресрет на манифестацијата „Златна бубамара на популарноста“, првиот човек на ова шоу објави фотографија со капитенот на Вардар, Столе Стоилов.

Под фотографијата Ранко напиша: „Капитенот на шампионите е подготвен да пееме заедно за подобар живот“.



Ќе пее ли навистина ракометарот на македонската репрезентација, прашуваат следбениците на социјалните мрежи.

„Златна бубамара на популарноста“ ќе се одржи под слоганот „За подобар живот“ утре во 20 часот во „Борис Трајковски“. Од таму велат: „Сѐ е спремно“.  (А.Г)